# „Динарот што ќе го потрошиш на Аллаховиот пат, динарот што ќе го дадеш за ослободување роб, динарот што ќе го дадеш како садака на сиромав, и динарот што ќе го потрошиш за своето семејство – најголема награда има од оној што ќе го потрошиш за своето семејство.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Динарот што ќе го потрошиш на Аллаховиот пат, динарот што ќе го дадеш за ослободување роб, динарот што ќе го дадеш како садака на сиромав, и динарот што ќе го потрошиш за своето семејство – најголема награда има од оној што ќе го потрошиш за своето семејство.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, спомнал неколку видови на трошење на имотот: – динарот што ќе го потрошиш на Аллаховиот пат, – динарот што ќе го дадеш за ослободување роб, – динарот што ќе го поделиш како милосрдие на сиромав, – и динарот што ќе го потрошиш за своето семејство и децата. Потоа појаснил дека најголема награда кај Аллах има динарот што ќе го потрошиш за своето семејство и за оние за кои си должен да се грижиш.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5813